# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА
# ПРОБИШТИП

Број 1/2026 30.01.2026 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 6-та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 29.01.2026 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2026 година бр.26-134/3;
2. Одлука за давање согласност на Финансов план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2026 година бр.26-134/4;
3. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие ,,Никола Карев,, од Пробиштип за 2026 година бр.26-134/5;
4. Одлука за усвојување на Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2025 годинабр.26-134/6;
5. Одлука за усвојување на План за запишување на ученици во прва година во СОУ “Наум Наумовски – Борче” од Пробиштип за учебната 2026/2027 годинабр.26-134/7;
6. Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Пробиштипбр.26-134/8;
7. Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-134/9;
8. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година бр.26-134/10;

9. Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Пробиштип за 2026 година бр.26-134/11;
10. Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности бр.26-134/12;
11. Програма за изменување на Програма за социјална детска и здравствена заштита за 2026 година бр.26-134/13;
12. Одлука за остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за деца кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип бр.26-134/14;
13. Одлука за критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи, жители на општина Пробиштипбр.26-134/15;
14. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кратово бр.26-134/16;
15. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кратово бр.26-134/17.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-134/19
30.01.2026 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Тоневски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 09/24) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година, расправајќи по Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2026 година**

Член 1

Се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2026 година бр. 01-24/1 од 05.01.2026 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-31/1 од 09.01.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2026 година бр. 01-24/1 од 05.01.2026 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-31/1 од 09.01.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-134/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.01.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година, расправајќи по Финансискиот план на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансиски план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2026 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансиски план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2026 година бр. 05-23/1 од 05.01.2026 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-32/1 од 09.01.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2026 година бр. 05-23/1 од 05.01.2026 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-32/1 од 09.01.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-134/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.01.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Барањето согласност на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2026 година, на седницата одржана на ден 29.01.2026 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2026 година**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2026 година, бр. 02-68/1 од 20.01.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за 2026 година, бр. 02-68/1 од 20.01.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-134/5
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски **с.р.**

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.61/2002, бр.98/2002 , бр.81/2005, бр.24/2011, 145/2015 и 170/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21) и согласно со одредбите од член 29 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) како и врз основа на Правилникот за попис на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 29.01.2026 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2025 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2025 година бр. 08-39/1 од 12.01.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2025 година бр. 08-39/1 од 12.01.2026 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-134/6
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024), Советот на општина Пробиштип расправајки по предлог - планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2026/2027 година, на седницата одржана на ден 29.01.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на План за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2026/2027 година**

Член 1

Се усвојува Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2026/2027 година, бр. 02-57/3 од 23.01.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2026/2027 година, бр. 02-57/3 од 23.01.2026 година, со табеларен преглед.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-134/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.01.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024), член 80 став 1 и член 80-А Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25) , Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Пробиштип**

1. **Општи одредби**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата за поставување на урбана опрема и се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот на подрачјето на Општина Пробиштип.

**Член 2**

Како урбана опрема се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуки постојки, типски објекти за обезбедување на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци согласно член 2 став 4 од Законот за градење (“Сл. весник на РМ”

бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013 ,79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25).

**Член 3**

Потребата за поставување на урбана опрема, во смисла на оваа Одлука , се смета за утврдена, доколку се исполнети општите и посебните критериуми и стандарди за поставување урбана опрема кои се утврдени во Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Пробиштип, како и условите, начинот и постапката утврдени во оваа одлука и доколку нивното поставување е во согласност со одредбите на законот и останатите прописи донесени врз основа на закон.

**Член 4**

(1) Поставување на урбана опрема се врши врз основа на издадено одобрение за поставување на урбана опрема.
(2) За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на општина Пробиштип.
(3) Одобрението од став (1) на овој член го издава Градоначалникот на општина Пробиштип.

**Член 5**

Кога просторот пред деловната просторија на којшто некое лице има намера да поставува урбана опрема е земјиште кое е во негова сопственост или врз истото има некое друго подобно стварно право кое му овозможува редовна и непречена работа, во тој случај доставува известување до општината и не е потребно да прибави одобрение.

**Член 6**

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема, може да биде:
- дневно , за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.)
- краткотрајно, за период од 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.)
- сезонско, за период од 3 до 7 месеци ( трговија на мало и др),
- годишно, за период до 1 година
- повеќегодишно, за период од 1 до 3 години (угостителство, трговија, градилиште и др.)

**2. Постапка за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема**

**Член 7**

**7.1.** Кон барањето за поставување на урбана опрема на тераси со или без настрешници (поставување на маси и столици пред угостителски објект) , покриени и непокриени шанкови, се приложуваат:
1. Извод од централен регистер за правен субјект;
2. Кога барател е физичко лице кое согласно закон врши угостителска дејност, се доставува копија од лична карта и прецизно наведена дејност што сака да ја врши на бараната локација;
3. Доказ дека се исполнети минималнотехнички услови за вршење на дејноста и други услови пропишани со закон (Решение или друг доказ дека барателот поднел пријава за исполнување на минимално-технички услови за вршење на дејност), освен доколку во својство на барател се јавува физичко лице;
4. Микролокациските услови издадени од општината, во размер 1:1000 , согласно претходното одобрение;
5. Копие од катастарски план, доколку поднесува барање по прв пат;
6. Доказ за платена административна такса;
7. Потврда издадена од Општина Прилеп дека барателот нема неподмирени обврски по основ на неплатени комунални такси;
**7.2.** Кон барањето за урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа: продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, се доставува:
1. извод од соодветниот регистер каде е регистриран заинтересираниот субјект;
2. елаборат за поставување на урбана опрема изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата;
3. потврда издадена од Општина Пробиштип дека барателот нема неподмирени обврски по основ на неплатени комунални такси;.
**7.3.** Кон барањето за поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, фонтани и пливачки објекти, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти и опрема за спортско-рекреативни активности, кон барањето се доставува
1. Извод од Програма за урбана опрема со микролокациски услови ;
2. Ревидиран проект;
**7.4.** Кон барањето за поставување на клупи, чешми, корпи за отпадоци, фонтани, канделабри, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, и останати видови на урбана опрема, која не се однесува на вршење на дејност, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани се доставува:

1. Извод од Програма со микролокациски услови.

**Член 8**

(1) Надлежниот орган, врз основа на комплетно и основано барање и по извршениот увид на лице место, изготвува графички приказ на површината која може да се користи, со утврдени максимални мерки на просторот на кој може да се поставува урбаната опрема и слобоната проодна површина како и пристапот за интервентни возила (пожари, брза помош, полиција).
(2) Доколку општината процени дека има одредени специфични потреби, ќе побара од барателот барањето да го дополни со детален цртеж (ситуација со пошироко опкружување и детали за поставување на опремата) изготвен од овластено лице;
(3) Графичкиот прилог е составен дел на одобрението за поставување на урбаната опрема.

**Член 9**

По приемот на барањето, од страна на надлежниот орган во рок од 7 (седум) работни дена се врши увид на лице место од аспект на усогласеноста и основаноста на барањето со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди, утврдени во одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Пробиштип.

**Член 10**

(1) Доколку барањето е основано, комплетно и е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди, утврдени во Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Пробиштип, надлежниот орган ја утврдува висината на комуналната такса согласно Законот за комунални такси и Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси и до барателот доставува заклучок за плаќање.
(2) заклучокот од став 1 на овој член се изготвува во рок од 3 работни дена од денот на извршениот увид , а барателот е должен да изврши уплата во рок од 5 дена од приемот на истиот и да остави доказ за извршена уплата или да склучи Договор за плаќање на надоместокот на рати.
(3) Доколку во рокот од став 2 на овај член,
барателот не ја плати комуналната такса и не достави доказ за извршената уплата или не достави Договор за плаќање на надоместокот на рати, ќе се смета дека барателот го повлекол своето барање, за што ќе се постапи согласно Законот за општата управна постапка.

**Член 11**

По плаќањето на комуналната такса и доставувањето на доказ за извршена уплата од член 10 на оваа Одлука или достава на Договор за плаќање на надоместокот на рати, Градоначалникот на Општина Пробиштип издава одобрение за поставување на урбана опрема во рок од 5 дена.

**Член 12**

Одобрението за поставување на урбана опрема се издава на пропишан образец согласно Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на урбана опрема („Сл.весник на Р.М„ бр.36/10).

**Член 13**

(1) Одобрението за поставување на урбана опрема може да се одземе и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:
- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување;
- доколку се отстапува од утврдената површина во рамки на која треба да се постави на урбаната опрема;
- не се постапува по укажувања и акти на надлежни инспекциски органи во рамки на нивните овластувања.

**Член 14**

Правото да се постави урбана опрема на јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобрението не може да го пренесе на друго лице со договор за деловно-техничка соработка ниту со било кој друг вид на правен акт.

**Член 15**

Издаденото одобрение за поставување на урбана опрема не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

3. НАДЗОР

**Член 16**

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат овластените градежни и комуналните инспектори на општината, во рамките на нивните законски овластувања.
(2) При инспекциски надзор се врши проверка дали корисниците на јавните површини имаат важечко одобрение и дали се придржуваат кон условите пропишани за користење на просторот.
(3) Доколку се констатира дека корисникот на јавната површина нема важечко одобрение, ќе се издаде решение за отстранување на урбаната опрема во определен рок.
(4) Доколку корисникот на јавната површина не постапи по решението од став (3), отстранувањето на урбаната опрема од јавната површина ќе се изврши принудно на трошок на корисникот.

**Член 17**

(1) Доколку при вршење на надзор се констатира дека корисникот на јавната површина кој има важечко одобрение, не го користи во рамките во рамките на просторот определен во издаденото одобрение, ја оневозможува проодноста на пешаците и лицата со инвалидитет, или го попречува нормалното функционирање на непосредното опкружување, ќе му издаде писмена опомена.

(2) Доколку и по издадената опомена се утврди дека корисникот не ги почитува условите и начинот на користење на јавната површина, вршителот на надзор ќе поднесе барање до надлежниот орган за одземање на одобрението и преземање на други законски мерки.

**4. Преодни и завршни одредби**

**Член 18**

(1) Правните и физичките лица што имаат поставено урбана опрема, се должни да го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од 3 (три) месеци од денот на нејзиното влегување во сила.
(2) Доколку во рокот од став (1) на овој член, лицата од став (1) на овој член не добијат одобрение за поставување на урбана опрема, должни се јавната површина што ја користеле веднаш да ја ослободат од поставената урбана опрема, а во спротивно истата ќе биде отстранета присилно на нивен трошок.

**Член 19**

Оваа Одлука може да се менува и дополнува во зависност од потребите, а согласно закон.

**Член 20**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општината Пробиштип.

Број 26-134/8
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024), („Службен гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024), член 80 став 1 и член 80-А Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25) ), член 39 од

Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање („Сл.весник на РМ” бр.36/10), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година ја донесе следната:

## ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

- **Вовед**

Согласно член 80-а од Законот за градење („Сл. Весник на РМ„ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25) потребата за поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на општината.

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

**1. Цел на Програмата**

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Пробиштип;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;

- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на билети за јавен превоз, телефонски говорници, автобуски постојки, продажба на весници,сувенири, цвеќиња);

**2. Урбана опрема**

Според член 2 став 4 од Законот за градење (“Сл. весник на РМ” бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.

244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25), **под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуки постојки, типски објекти за обезбедување на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.**

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградно и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

**2.1. Критериуми за определување на видот на урбана опрема**

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста,
- естетско морфолошки критериуми овозможува редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или потполна обликовна изедначеност,
- материјално експлоатациони критериуми ги одредуваат економските аспекти категорија време и објекти.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Пробиштип треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25).

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата.

Урбаната опрема треба да биде технички и обликовно проектирана, беспрекорно изведена, во склад со амбиентот на локацијата со примена на современи материјали, чисти, исправни и естетски прифатливи.

Доградба, надградба и други надворешни и внатрешни интервенции на урбаната опрема, освен интервенциите за нивно тековно одржување, не се дозволуваат.

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна

проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите **не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата,** а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

**При поставување на урбана опрема не може да се монтираат платформи или рампи.**

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди:

- поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0.80м од рабникот на коловозот (за корпа за отпадоци, жардињери, рекламни паноа и др.) односно 1.5м до 2,5м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).

- минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3.2 м над слободната проодна површина.

- **поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.**

- урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

- при поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м.

- широчината на слободната проодна површина на тротоарите, се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

- поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0м од пресечната точка на двете регулациони линии.

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.
- примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови - со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуват специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истите може да бидат со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

Урбаната опрема може да биде само приземна, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15см.

**3. Стандарди за поставување на урбана опрема по видови**

**3.1.Привремени паркинзи и приодни патеки**

Привремени паркинзи и приодни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80 м).

**3.2 Платформи**

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

**3.3 Информативни паноа**

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

**3.4 Летни дискотеки**

При нивно поставувување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

**3.5 Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед**

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0м$^2$, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м$^2$.

**3.6 Телефонски говорници**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на зид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м х 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**3.7 Монтажно-демонтажни типски објекти**

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0 м$^2$, кои можат да се постават на одредени места. Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготовка на храна).

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно - промотивни или деловно - информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Обликовни услови

- Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на

други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.

- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. до 2,5м, а од раскрсница мин. 10,0м. од почетокот на радиусот за десно свртување.

Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација, (мијалник-тоалет).
- Подната, зидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

### 3.8 Автобуски постојки

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0м$^2$ до 16,0м$^2$ и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2,5м.

### 3.9 Објекти за обезбедување

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0м$^2$. За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

### 3.10 Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

### 3.11 Тераси, шанкови и настрешници

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Службен весник на

РМ” бр.52/10, 62/10, 142/10 и 64/11), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

**Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони**. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува скаладирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

**Исклучително во пешачка зона**, **на плоштади**, кеј **и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.**

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настршници) поставени на една тераса теба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минималната слободна височина од 2.4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смеат да биде прицврстен за подлогата.

Тендите се типски - монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставувње на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3.2м.

Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно - демонтажна елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3.2м.

Доколку се поставува настрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8 м.

Оградите и жардињерите треба да биде изведена од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

**3.12 Покриени и отворени шанкови**

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

**3.13 Самостоечките рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ” бр.54/07, 86/08, 98/08 и 64/09) и посебен акт општината.

**3.14 Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**3.15 Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м x 1,2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

**3.16 Паркиралишта за велосипеди**

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди .

**3.17 Жардињери, граничници**

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

**3.18 Тезги**

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена. Не е дозволена продажба на храна.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 м2, и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

**3.19 Елементи за изложување на производи**

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставува покрај зидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поствуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застакленување и слично).

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да биде во согласност со микролокациските услови, со високи естетско-функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

Во руралните средини на територијата на Општина Пробиштип се одобрува поставување на урбана опрема во зависност од просторните услови и потребите на деловните субјекти а по предходно поднесено и одобрено барање со целокупната документација предвидена во оваа Програма. Со поставувањето на урбаната опрема да се почитуваат одредбите од глава 2 од овва Програма.

**4. Дејности кои можат да се вршат во објекти на урбана опрема**

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2 став 4 од Закон за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016,3 9/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25).

Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

**5. Преглед на локации на постојна урбана опрема на територијата на Општина Пробиштип**

Во табела е дадена диспозицијата на евидентираната урбана опрема по локалитети и во истата се дадени следните информации:

- **нумерација на објектите**
- **КП каде се наоѓа урбаната опрема**
- **местоположба, улица и број на урбаната опрема**
- **број на модули**
- **вкупна површина во м2**
- **тип и намена на урбана опрема**

| Урбана опрема на угостителски објекти | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Локација: | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | | | | | |
| Ред Бр. | Објект број | Катастраска парцела (КП) | Местоположба, улица и број | Број на модули | Дозволена површина | Тип на опрема |
| 1 | УО1 | КП717/8, КП717/7, КП717/9, КР717/17 КО Пробиштип (Младост) | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 6м’ x (ширина на објект) | Настрешн. |
| 2 | УО2 | КП717/11 КО Пробиштип (Даце Палас) | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 6м’ x (ширина на објект) | Настрешн. |
| 3 | УО3 | КП717/4 КО Пробиштип (Blue Note) | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 6м’ x (ширина на објект) | Настрешн. |
| 4 | УО4 | КП717/15, КП717/5 КО Пробиштип (Fenix) | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 6м’ x (ширина на објект) | Настрешн. |
| 5 | УО5 | КП717/18 КП717/12 КО Пробиштип (Сендвичара Попај) | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 6м’ x (ширина на објект) | Настрешн. |
| 6 | УО6 | КП717/1 КО Пробиштип (Black & White) | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 6м’ x (ширина на објект) | Настрешн. |
| Локација | Ул. „Ленинов плоштад” | | | | | |
| 7 | УО7 | КП725/1 КО Пробиштип (Зоки кафана) | Ул. „Ленинов плоштад” | 1 | 5м’ x (ширина на објект) | Настрешн. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 8 | УО8 | КП720/2 КО Пробиштип (Фортуна кафана) | Ул. „Ленинов плоштад” | 1 | 5м' х (ширина на објект) | Настрешн. |
| **Урбана опрема на деловни и трговски објекти** | | | | | | |
| Локација: | | **Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип** | | | | |
| **Р. Бр.** | **Објект број** | **Катастарска парцела (КП)** | **Местопол, Ул. и број** | **Број на модул** | **Дозволена површина** | **Тип на опрема** |
| 1 | УО9 | КП717/10 КО Пробиштип | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 1,5м' х (ширина на објект) | Тенда |
| 2 | УО10 | КП717/17 КО Пробиштип | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 1,5м' х (ширина на објект) | Тенда |
| 3 | УО11 | КП717/3 КО Пробиштип (Златна Копачка) | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 1,5м' х (ширина на објект) | Тенда |
| 4 | УО12 | КП717/6 КО Пробиштип (Железара) | Плоштад „Св. Гаврил Лесновски” Пробиштип | 1 | 1,5м' х (ширина на објект) | Тенда |
| | Локација: | **Ул. „Х.Т. Карпош” и ул. „ Јаким Стојковски”** | | | | |
| 5 | УО13 | за сите деловно-трговски дуќани, пиљари, бутици, детски продавн. и сл. | Ул. „Х.Т. Карпош” и ул. „ Јаким Стојковски” | 1 | 1,5м' х (ширина на објект) | Тенда |

**6. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема**

Согласно Закон за („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25) урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на општина Пробиштип со Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Пробиштип.

Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава градоначалникот на општина Пробиштип

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема во размер 1:1000.

Општина Пробиштип на почетокот на секоја календарска година ги објавува потребите од определување на локации за поставување на урбана опрема и нивно дислоцирање или задржување и во наредниот програмски период.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање („Сл. весник на РМ„ бр. 123/08), Одобрението за поставување на урбана опрема се издава на образец во формат А4.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Точното позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластено лице од страна на општина Пробиштип.

Формата и содржината на одобрението и начинот на неговото издавање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Општина Пробиштип согласно Законот за градење (“Сл.весник на РМ” бр130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25) води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Пробиштип, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрението од став 1 на овој член го издава градоначалникот на општина Пробиштип.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна проторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност, од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип.

**Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловна просторија.**

**Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема** може да биде:

**- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации, и др.).**

**- краткотрајно, за период до 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.),**

**- сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.),**

**- годишно за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.).**

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до градоначалникот на Општина Пробиштип.

Постапката за добивање на одобрение за вршење на дејност, ја води надлежната служба на Општина Пробиштип, согласно пропишани услови и стандарди.

Одобрението за поставување на урбана опрема, се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**1. одобрение за вршење на дејност, издадено од Градоначалникот,**

**2. елаборат изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата;**

**3. доказ за регулирано плаќање на комунална такса;**

**4. имотен лист за деловниот објект пред кој се поставува урбаната опрема**

**5. имотен лист за земјиштето на кое се поставува урбаната опрема**

Елаборатот се изработува согласно стандардите утврдени со оваа Програма. Елаборатот содржи текстуален и графички дел.

-Текстуалниот дел содржи техничко образложение за организација на пасивна пешачка зона со урбана опрема.

-Графичкиот дел содржи:

"Копие од катастарски план;

" Предлог-ситуационо решение за поставување урбана опрема на локалитетот во размер 1:500 (1:1000 за полеми локалитети) со назначување на активна и пасивна пешачка зона согласно оваа Програма;

" Предлог-ситуационо решение за поставување урбана опрема на пасивна пешачка зона во размер 1:200 со соодветни ознаки на урбаната опрема согласно оваа Програма;

" Детално-ситуационо решение на одделни микролокалитети со детали на одделна урбана опрема во размер 1:50 и приказ на одделни елементи на урбаната опрема 1:20 или 1:10.

Елаборатот се доставува до Одделението за урбанизам во 2 примероци заедно со потребната документација.Постапката по барањето ја спроведува Одделение за урбанизам во Општина Пробиштип.

Доколку барањето се однесува за поставување на урбана опрема на ист локалитет и со иста површина, како и за иста дејност барателот доставува само барање за продолжување на истата и приложува само административна такса.

Барањето од предходниот став се доставува најдоцна 15 дена пред истекот на важечкото одобрение.

Надлежното одделение на Општината врши увид на лице место и проверка на елаборатот од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Пробиштип.

.Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

- **урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино потавување,**
- **престане важењето на одобрението за вршење на дејност,**
- **не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени со вршењето на инспекциски работи во рамките на нините овластувања**.

Во случаите од претходно наведеното, ново одобрение нема да се издаде во наредниот период од 6 месеци.

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобренијата не може да ја издаде или пренесе на коритење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кoју друг правен акт.

Даденото одобрение за поставување на урбаната опрема не значат ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

**7. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Пробиштип се финансира од буџетот на општината за 2026 год.

**8. Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема**

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

**9. Динамика на реализација на програмата**

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од створените правни и технички услови.

**10. Вршење надзор**

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Сл.весник на РМ" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012,2 5/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25).

**11. Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Пробиштип преку Одделението за урбанизам.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Пробиштип”.

Број 26-134/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.01.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/2024) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период 01.01.2025 до 31.12.2025 година ја донесе следната::

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-134/10
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски **с.р.**

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) ), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник наРепублика Македонија” бр. 5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24), а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип “ број 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот**
**за пресметување на платите на административните службеници во Општина Пробиштип за 2026 година**

Член 1

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во општина Пробиштип и јавните службеници кај буџетските корисници во општина Пробиштип за 2026 година.

Вредноста на бодот за пресметување на платите за 2026 година изнесува **81,6 денари**.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пробиштип “, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2026 година.

Број 26-134/11
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 10, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ“ бр202/2024), член 8, став 1 од Уредбата за методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности („Службен весник на РМ“ бр. 13/2011 и Службен весник на РСМ“ бр.128/2023), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности**

Член 1

Со Одлуката се отпочнува постапка за редовно ажурирање на Процената за загрозеност на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности.

Ажурирањето на Процената за загрозеност на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности ќе се врши во координација со надлежниот Регионален центар за управување со кризи.

Оваа Одлука да се достави до Подрачното одделение Регионален центар за управување со кризи Пробиштип.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе со објави во „Службен Гласник на општина Пробиштип“.

Број 26-134/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.01.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

_

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 1 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**

**За изменување на Програма за социјална детска и здравствена заштита за 2026 година**

Со оваа Програма за изменување на Програмата за социјална детска и здравствена заштита во Општина Пробиштип за 2026 година, се врши изменување на Програмата за социјална детска и здравствена заштита во Општина Пробиштип за 2026 година бр. 26-1101/22 од 09.12.2025 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 12/2025 година, и тоа:

**Програма Т1.**

Точката 2 (Активности во детската заштита), мерката - Остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 70.000,00 денари, износот „70.000,00 денари” се заменува со „60.000,00 денари”.

Број 26-134/13
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024) и член 48 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година ја усвои следната:

**ОДЛУКА**

**За остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за деца кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип**

Член 1

Со оваа Одлука се уредуват условите, критериумите, документацијата , постапката за остварување на право на партиципација за деца од предучилишна возраст од 8 месеци до 6 години кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип.

Член 2

Детската градинка организира згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст од 8 месеци до 6 години кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип се остварува во согласност со член 40 од Законот за заштита на деца („Службен весник на Република Македонија бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17,21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија”бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22).

Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип се остварува за семејства чии месечни примања не го надминуват износот на остварени приходи во семејството, утврден во годишната Програма за социјална, детска и здравствена заштита.

Член 3

Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип не се остварува ако родителите се сопственици/основачи на фирма или остваруваат друг вид на приходи.

Член 4

Вкупен приход во семјеството претставува збир на сите нето приходи од работен однос, приход од сопствена приватна фирма, самостојна дејност, пензии, имот, странство и хонорари. Во вкупниот збир не се вклучуваат социјалните примања (детски додаток, гмп, стипендии и сл.)

Член 5

Подносителот на барање- родител/стартел за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст од 8 месеци до 6 години кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип приложува:

- Важечка лична карта на родителите/старателите на увид за докажување на идентитетот, државјанството и постојаното место на живеење во општина Пробиштип во последната една година

-Фотокопија од извод на матична книга на родени на детето

- Документи за остварени месечни приходи во семејство на годишно ниво (последната година) од УЈП за двајцата родители/старатели,

-Потврда од работодавачот за остварена просечна плата за последните три месеци

-Потврда за активен барател на работа од АВРМ, доколку родителот е невработен.

-Нотарска изјава од двајцата родители дека не остваруваат други приходи од државата и странство и дека не се сопственици на приватни трговски друштва, трговец-поединец, самостоен занаетчиски дуќан или друг правен субјект од кој оствауваат приход.

Член 6

Барањето за остварување на ова право се поднесува од 1-ви до 5-ти во тековниот месец во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип, а правото ќе се остварува од денот на донесување на решението.

Барањето се поднесува до ЈОУДГ Гоце Дечев Пробиштип со пропратната документација пропишана во членот 5 од оваа одлука.

Член 7

Родителот на детето за кое се остварува правото на партиципација треба да е државјанин на Република Северна Македонија, жител на општина Пробиштип, со постојано место на живеење од најмалку 12 месеци непрекинато на територијата на општина Пробиштип, до денот на поднесување на барањето.

Родителот како подносител на барањето одговара за вистинитоста на податоците во барањето.

Член 8

Комисијата составена од претставници од ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип формира Комисија за разгледувње барањата, ги проверува податоци и според критериумите утврдени во оваа одлука во рок од 3 дена од поднесувањето на барањето, предлага на Директорот да донесе Одлука за исполнување на условите за остварување на право на партиципација за деца од предучилишна возраст од 8 месеци до 6 години кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип.

Член 9

Директорот во рок од 3 дена од добивањето на предлогот, донесува одлука за остварување на правото на партиципација по поднесените барања.

Член 10

Врз основа на донесените одлуки за остварување на правото на партиципација ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип најдоцна до 10-ти во месецот до Општина Пробиштип доставува Извештај за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип за претходниот месец со податоци за вкупен број на деца корисници на правото.

Член 11

Општина Пробиштип врз основа на доставениот Извештај за остварено право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип изготвува Решение за исплата на парични средства на ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип за остварено право за партиципација за деца кои престојуваат во детската градинка

Член 12

Висината на партиципација се утврдува само за вкупниот број на денови на детето поминати во установата согласно евиденцијата од книгата за присуство на деца и изнесува 100% од цената на услугата по дете што ја плаќа родителот/старателот.

Член 13

Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип од член 2 од овој Правилник не може да се остварува подолго од шест месеци, за што родителот/старателот најдоцна 15 дена пред истекот на периодот од шест месеци треба да достави ново барање за продолжување на правото со потребната документација од член 3 од овој Правилник.

Член 14

Ако настане промена во условите кои биле основ за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип, родителот / старателот треба најдоцна 15 дена од настанување на промената да ја извести ЈОУДГ„Гоце Делчев“ а правото ќе престане од денот на настаната промена.

Член 15

Оваа Одлука влегува во сила со објавување во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-134/14
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024 ) и член 48 од Статутот на општина

Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година ја усвои следната:

**ОДЛУКА**

**За критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи, жители на општина Пробиштип**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат условите и критериумите кои треба да ги исполнат барателите , постапката за реализација и исплата на финансиски средства за остварување на правото на еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи, жители на општина Пробиштип

Вкупните финансиските средства и висината на еднократната парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи се предвидуваат секоја година во годишната Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Пробиштип.

Член 2

Еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи се обезбедува за следните категории на лица, жители на општина Пробиштип и тоа:

-Дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

-Лице со попреченост корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

-Корисник на гарантирана минимална помош од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

-Корисник на социјална сигурност на старите лица од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

Член 3

Еднократната парична помош се остварува ако мерката ја има предвидено во прорамата за Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за тековната година.

На почетокот на годината Одделението за јавни дејности распишува јавен оглас за реализација на мерката еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи и истиот ќе трае до исцрпување на средствата предвидени во годишната Програма.

Еднократната парична помош се остварува еднократно по поднесено барање од корисник /родител/старател, со пропратна документација утврдена во членот 4 од оваа Одлука.

КРИТЕРИУМИ

Член 4

Категорија на лица кои имаат право на мерката еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи, жители на општина Пробиштип , условите кои треба да ги исполнуват и потребната дикументација се утврдени во табеларниот преглед кој следува:

| Ред.број | Категорија | Услови | Потребна документација |
|---|---|---|---|
| 1. | Дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок | - Да е со постојано живеалиште на општина Пробиштип<br>-корисник на посебен додатој од ЈУ Центар за социјална работа | - Копија од важечка лична карта на родител / старател/ згрижувач<br>-копија од транаскациска сметка<br>-Потврда од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип дека е корисник на посебен додаток |
| 2. | Лице со попреченост корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст | - Да е со постојано живеалиште на општина Пробиштип<br>- корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст од ЈУ Центар за социјална работа | Копија од важечка лична карта<br>-копија од трансакциска сметка<br>Потврда од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип дека е корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст |
| 3. | Корисник на гарантирана минимална помош | - Да е со постојано живеалиште на општина Пробиштип<br>-корисник на ГМП | Копија од важечка лична карта<br>-копија од трансакциска сметка<br>Потврда од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип дека е корисници на ГМП |
| 4. | Корисник на социјална сигурност на старите лица | - Да е со постојано живеалиште на општина Пробиштип<br>- корисник на социјална сигурност на старите лица | Копија од важечка лична карта<br>-копија од трансакциска сметка<br>Потврда од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип дека е корисници на социјална сигурност на старите лица |

ПОСАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 5

За остварување на мерката еднократна парична помош за  корисници на надоместок за попреченост на лице со навршени 26 годишна возраст ,  еднократна парична помош за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок, корисниците на социјална сигурност на старите лица и корисниците на гарантирана минимална помош од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, Градоначалникот на општина Пробиштип ќе формира комисија составена од претставници  од општина Пробиштип.

Општинската комисија пред одобрување на еднократната финансиска помош да побара информација, список на корисници од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип за користење на мерката.

Комисијата ги разгледува поднесените барања за мерката и изготвува Записник со предлог за одобрување или обивање на барањето.

Врз основа на записникот се изготвува Решение за исплата на финансиски средства за одобрените барања или Решение за оддбивање на барањето.

Решенијата за исплата ги потпишува Градоначалникот и се доставуват до Одделението за финансиски прашања за исплата.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 6

Оваа одлука стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Член 7

Со донесување на овој правилник престанува да важи:

-Одлука за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од ЈУ Центра за социјлана работа Пробиштип а по повод празник на градот 28 ми Август со број 26-199/17 од 13.02 2024 година

-Одлука за изменување на Одлуката за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од ЈУ Центра за социјлана работа Пробиштип а по повод празник на градот 28 ми Август со број 26-92/9 од 27.01 2025 година

Број 26-134/15 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
29.01.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

_

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска сорботка (Службн Весник на РМ бр.79/09) и член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 21 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен Гласник на Општина Пробиштип" бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Советот на Општина Пробиштип на седнцата одржана на ден 29.01.2026 година донесе:

**ОДЛУКА**

**За воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кратово**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кратово за вршење на работи од надлежност на градежната инспекција од страна на овластен градежен инспектор вработен во Општина Пробиштип за потребите и за сметка на Општина Кратово.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на договор за меѓуопштинска соработка со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-134/16
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ" бр.79/09), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кратово**

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кратово за вршење на работи од надлежност на градежната инспекција од страна на овластен градежен инспектор вработен во Општина Пробиштип за потребите и за сметка на Општина Кратово, се именуваат:

   - Анкица Ѓеновска
   - Рената Саздова

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-134/17
29.01.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.